**ОПШТИНА ГРАДСКО**
ул.„Маршал Тито“ бр.70А Градско
Тел: +38943251522
Е-маил: gradsko1@t.mk gradsko@gradsko.gov.mk www.gradsko.gov.mk

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 09 - 212/1
24.04. 2025 год.
ГРАДСКО

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („ Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 84/20 и 202/24), член 34 став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20 и 215/21 ),а во врска со член 47 и член 99 став 1 алинеја 3 од Законот за градежно земјиште ( „ Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „ Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19), Градоначалникот на општина Градско на ден 24.04.2025 година го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ
## За формирање на Комисија за спроведување на постапка за јавно наддавање во Општина Градско

1. Се формира Комисија за спроведување на постапка за јавно наддавање за располагање со градежно неизградено земјиште(оттуѓување и давање под закуп) сопственост на Република Северна Македонија за Општина Градско, во следниот состав:
   - Лилјана Љуткова – Претседател
   - Марија Рунтева -Член и
   - Пецо Кузманов – Член
2. Комисијата има задача да ја спроведува постапката за оттуѓување и давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на јавно наддавање, која се спроведува со електронско јавно наддавање со претходно дадена објава од страна на Комисијата во два дневни весници кои се издаваат на македонски јазик, а излегуваат најмалку три месеци пред денот на објавувањето на објавата и во Службен весник на Република Северна Македонија

   Објавата треба да опфаќа најмалку една половина од една страна на печатениот медиум.

   Комисијата е должна на денот на објавувањето на објавата во дневен весник, да ги објави податоците и целокупната документација за градежните парцели предмет на отуѓување на интернет страницата на која ќе се врши јавното наддавање.
3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**ОПШТИНА ГРАДСКО**
ул.„Маршал Тито“ бр.70А Градско
Тел: +38943251522
Е-маил: gradsko1@t.mk gradsko@gradsko.gov.mk www.gradsko.gov.mk

***О б р а з л о ж е н и е***

Согласно член 47 и член 99 став 1 алинеја 3 од Законот за градежно земјиште од страна на Градоначалникот на општина Градско се формира Комисија за спроведување на постапка за јавно наддавање за располагање со градежно неизградено земјиште(оттуѓување и давање под закуп) сопственост на Република Северна Македонија за Општина Градско од три члена од општинската администрација од кои двајца со положен испит и стекнато овластување за управување со градежно неизградено земјиште во државна сопственост.

Со денот на донесување на ова Решение престануваат да важат Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапка за јавно наддавање во Општина Градско бр. 09-388/1 од 15.06.2021 година и Решение за именување на Член на комисија за спроведување на постапка за јавно наддавање во Општина Градско бр. 03-118/8 од 27.03.2023 година.

**Правна поука:** Против ова Решение незадоволниот кандидат има право на жалба во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на истото до Градоначалникот на Општина Градско.

Општина Градско
Градоначалник
Киро Нацков